Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCËS
Педагошка Служба - Shërbimi Pedagogjik
29 JUN 2026 Бр. Nr. 26-767/1
Скопје - Shkup

Врз основа на член 9 став (1) алинеа 7 и член 14 став (12) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25)и Предлогот доставен од членот известител **проф.д-р Тони Филипоски** бр.26-751/2 од 25.06.2026 година, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 25.06.2026 година, донесе:

**ОДЛУКА**

**за одобрување и употреба на учебник по наставниот предмет Историја за II (втора) година гимназиско образование**

1. СЕ ОДОБРУВА употреба на учебник по наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование со шифра Ш од Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје од авторот: Далибор Јовановски.**

2. Жалбата го одлага извршувањето на оваа Одлука. Одлуката е извршна по нејзината конечност.

3. Конечната Одлука да се достави до Државниот просветен инспекторат.

**Образложение**

Врз основа на член 12 став (2) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), Педагошката служба на ден 23.02.2026 година на интернет страницата на Министерството за образование и наука, објави Конкурс за учебник во гимназиско образование бр.26-244/1 од 23.02.2026 година. Со Решение за изменување на Конкурсот бр.26-244/2 од 15.04.2026 година, објавено на интернет страницата на Министерството за образование и наука, се пролонгираше рокот за доставување на ракописите за учебник заклучно со 12.05.2026 година.

Согласно член 14 став (1) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25), директорот на Педагошка службаво рок од три дена од завршување на Конкурсот со Решение бр.26-244/4 од 13.05.2026 година формираше Комисија за шифрирање и проверка на пристигнатата документација.

Комисијата за шифрирање и проверка согласно член 14 став (3) во предвидениот рок од 3 дена од денот на проверката и шифрирањето на пристигнатата документација со допис број 32-70/1 од 13.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-244/7 од 13.05.2026 година и допис бр.32-71/1 од 13.05.2026 година заверен во писарницата на министерството со бр.26-244/8 од 13.05.2026 година шифрираниот ракопис со шифра Ш, преку Педагошката служба го достави до Бирото за развој на образованието и Рецензентската комисија за ракопис за учебник формирана од Националната комисија за учебници.

Педагошката служба со допис бр.26-244/9 од 13.05.2026 година шифрираниот ракопис го достави до Бирото за развој на образованието за стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-1087/3 од 21.05.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр. 26-244/10 од 21.05.2026 година, до Педагошката служба согласно член 14 став (5) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) достави забелешки за ракописот за учебник со шифра Ш за наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование** кои Педагошката служба преку Комисијата за шифрирање и проверка треба да ги проследи до Издавачот кој е должен во рок од 14 дена од денот на приемот на забелешките да постапи по истите и да достави коригиран ракопис кој треба да биде проследен до Бирото за развој на образованието.

Педагошка служба со допис бр.26-244/11 од 22.05.2026 до Комисијата за шифрирање и проверка ги достави со забелешките од Бирото за развој на образованието заверен кај Комисијата за шифрирање и проверка со бр. 32-79/1 од 22.05.2026 година.

Со допис бр. 32-79/2 од 22.05.2026 година Комисијата за шифрирање и проверка забелешките од Бирото за развој на образованието ги достави до издавачот кој го поднел ракописот за учебник.

Издавачот на ден 03.06.2026 со допис архивиран кај Комисијата за шифрирање и проверка со бр.32-86/1 од 05.06.2026 година достави коригиран ракопис по забелешките од Бирото за развој на образованието.

Комисијата за шифрирање и проверка со допис бр. 32-86/1 од 05.06.2026 година го достави коригираниот ракопис за учебник до Педагошка служба со напомнена истиот да се препрати до Бирото за развој на образованието. Педагошката служба со допис бр.26-244/13 од 05.06.2026 година коригираниот ракопис со шифра Ш го достави до Бирото за развој на образованието за Стручно мислење.

Бирото за развој на образованието со допис бр.09-1087/5 од 10.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-244/14 од 10.06.2026 година, до Педагошката служба достави Стручно мислење за коригиранот ракопис за учебник со шифра Ш за наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование**.

Во мислењето е наведено дека за ракописот за учебник со шифра Шврз основа на извршените корекции Бирото за развој на образованието дава позитивно мислење и постапката продолжува.

Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 03.06.2026 година со Решение заведено под архивски број 26-224/3 од 09.06.2026 година, формираше Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописот за учебникпо наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование.**

На ден 17.06.2026 година Рецензентска комисија за стручно вреднување на ракописот за учебник доставила Стручно мислење бр.26-244/20 дека ракописот со шифра Ш е усогласен со

наставната програма како и критериумите и стандардите на институциите надлежни за образовниот процес и затоа комисијата дава позитивно мислење.

Националната комисија за учебници согласно член 9 став (1) алинеа 4 и член 14 став (9) и (10) од Законот за учебници во основно и средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.3/25 и 74/25) на седницата одржана на 16.06.2026 година донесе Решение заведено под архивски број 26-751/1 од 22.06.2026 година за определување на член известител. Членот известител со допис заведен под архивски број 26-751/2 од 25.06.2026 година на Националната комисија за учебници и предложи ракописот за учебник со шифра Ш по наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование**, да го одобри за печатење.

Педагошката служба со допис бр.26-763/1 од 26.06.2026 година се обрати до Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација за доставување на Записникот од шифрирање и проверка по објавениот Конкурс 26-244/1 од 23.02.2026 година и Решението за изменување на Конкурсот бр.26-244/2 од 15.04.2026 година со напомена истиот да биде јавно достапен односно да е транспарентен во делот на поднесените ракописи за кои ќе се врши јавно отварање.

Комисијата за шифрирање и проверка на пристигнатата документација со допис бр.32-90/2 од 26.06.2026 година заверен во писарницата на Министерството со бр.26-763/2 од 26.06.2026 година до Педагошката служба го доставила Записникот бр.32-69/1 од 13.05.2026 година.

По добивање на Записникот бр.32-69/1 од 13.05.2026 година Педагошката служба на веб страницата на Министерството за образование и наука објавила Известување со бр.26-763/3 од 26.06.2026 година со прилог на Записникот во кое е наведено дека за наставниот предмет **Историја за II (втора) година гимназиско образование** од страна на Националната комисија за учебници за основно и средно образование донесен е предлог да биде одобрен ракописот за учебник со шифра Ш.

По јавното и транспарентно објавување на Записникот бр.32-69/1 од 13.05.2026 година на интернет страницата е констатирано дека:

За ракописот за учебник **под шифра Ш** се јавува Друштвото за графички услуги и трговија АРС ЛАМИНА ДОО Скопје со авторот: Далибор Јовановски.

Имајќи го во предвид сето погоре наведено, Националната комисија за учебници на седницата одржана на ден 25.06.2026 година едногласно го прифати предлогот на известителот и одлучи како во изреката на оваа Одлука.

**Правна поука:** Против оваа Одлука, во рок од 15 дена од денот на приемот, може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА НАЦИОНАЛНА КОМИСИЈА,**
**Проф.д-р Ташко Ризов**

Tashko Rizov

Digitally signed by Tashko Rizov
DN: c=MK, serialNumber=275355, sn=Rizov, givenName=Tashko, cn=Tashko Rizov
Date: 2026.06.28 19:16:38 +02'00'

Доставено до:
- Писарница на министерството
- Издавач